# Повик за дополнување на референтна листа на експерти

Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија (ЗФР), учествува во спроведување на активности од проектот „Зајакнување на општинските совети – втора фаза (Empowering Municipal Councils – Phase 2)", финансиран од Швајцарската влада, Министерство за локална самоуправа а ко-финансиран и спроведуван од Програмата за развој на Обединети Нации – УНДП. Проектот има за цел да се продолжат претходно започнатите активности за зајакнување на општините преку зајакнати општински совети, кои се способни ефективно да ги исполнат нивните зададени улоги на претставување, надзор и почитување на општинската легислатива, со вклучување на активни граѓани.

За спроведување на дел од проектните активности, ЗФР има потреба од дополнување на референтната листа на **Експерти Тип А - експерти од научната фела, слободни експерти;** како и **Експерти Тип Б – поранешни општински советници**, по области/модули:

- **Модул 1: Општинско добро управување (Municipal good governance);**
  - Експерти Тип А;

- **Модул 6: Финансиска контрола и ревизија (Financial control and audit)**
  - Експерти Тип Б;

- **Модул 9: Меѓуетнички односи (Inter-ethnic relations)**
  - Експерти Тип А;

По изборот на експертите ќе биде комплетирана референтната листа на експерти.
Доколку има потреба, со експертите ќе бидат склучени одделни договори во кои ќе се наведе типот, динамиката и обемот на ангажманот. Овие експерти ќе бидат ангажирани во областа на која конкурирале и со претходна координација со тимот на ЗФР.

Напомена: За овој повик не се подобни експерти со статус на државни, јавни и административни службеници кои засновале работен однос во органите на државната и на локалната власт и други државни органи основани согласно со Уставот и со закони, како и јавни претпријатија основани од Република С. Македонија или од општините, од Градот Скопје, како и од општините во Градот Скопје.

Доколку сте заинтересирани, Ве молиме да доставите кратко мотивациско писмо со задолжително наведување на модулот за кој аплицирате, Вашата ажурирана биографија со фотографија и сертификати и препораки за ваш ангажман не подоцна од **16.00 часот во понеделник 1 април 2024 год.** на следнава е-маил адреса: zfr.veles@gmail.com